РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1226/2
15-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена со број 12-1226/1 од 04.04.2025 година, со наводи за сомнителни банкарски трансакции, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Управата за финансиско разузнавање на РСМ.

Предметот со број 12-1226/1 од 04.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 04.04.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомнителни банкарски трансакции, извршени од страна на правни лица во неколку деловни банки и оформен е предмет број 12-1226/1 од 04.04.2025 година.

Во пријавата наведено е дека биле извршени сомнителни банкарски трансакции во Република Северна Македонија, со тоа што од страна на компанијата ---- ДООЕЛ биле уплатени парични средства на нерезидентна сметка на компанијата ---- – Србија преку трансакциска сметка во ---- Банка АД Скопје, како и дека било вршено подигање на готовина од нерезидентната сметка на наведената компанија од страна на овластено лице

----, поранешен Управител и сосопственик на ---- ДООЕЛ Скопје, по што овие средства неоданочени останувале во прометот на РСМ.

Се посочува дека овие трансакции претежно се вршеле преку ---- Банка АД Скопје и ---- Банка, а се претпоставува дека вакви трансакции се реализирале и во другите деловни банки.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават до Управата за финансиско разузнавање на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК